

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDC 726:27-523.4(497.713)"12"
UDC 75.052:929Лав Котаница Зони

Дарко НИКОЛОВСКИ, Светлана МАЛЬЦЕВА

# КОЈ Е КТИТОРОТ НА ЦРКВАТА СВ. ДИМИТРИЈ ВО ВЕЛЕС

**Клучни зборови**: *црква Св. Димитриј во Велес, ктитор Лав Котаница Зони, XIII век*

**Апстракт**: *Во припратата која е надвишена со камбанарија, на западниот и јужниот ѕид под варовиот малтер, при конзерваторските работи е откриен оригинален живопис од времето на изградбата на црквата Св. Димитриј во Велес од крајот на XIII век. Во таа прилика, покрај другите содржини, е откриен портрет на ктиторот на храмот. Во ктиторскиот натпис се впишани податоци кои се значајни за времето на подигањето на храмот (1297 г.) со што се потврдува хипотезата дадена претходно од Коруновски, кој според архитектонските карактеристики го датира споменикот кон крајот на XIII век. Друг значаен податок, што произлегува од натписот, е името на ктиторот заслужен за подигањето и сликањето на храмот, великиот стратопедархот Лав Котаница Зони.*

На излезот од Титов Велес кон Градско, во пазувите на Велешкото кале, до самиот пат од десната страна, се наоѓа манастирот Св. Димитрие.[1] (Сл. 1., цртеж 1) Манастирската црква претставува еднокорабна градба со профилирана тристрана апсида на источната страна. (Сл. 2) На западната страна е додадена правоаголна припрата. И наосот и нартексот се засведени. Во црквата се влегувало од северната и западната страна. Над припратата е изведена камбанарија, со полукружни отвори од три страни, додека источната страна е ѕаѕидана. Камбанаријата на аглите има пандатифи кои сведочат за крстестиот свод, денес заменет со дрвена конструкција. Судејќи по архитектурата, се смета дека црквата е подигната кон крајот на XIII век.[2]

Во отсуство на историски извори за манастирот единствен засега автентичен наод е пишаниот споменик на камена плоча од XIV век, која е пронајдена при раскопувањето на манастирот од западната страна. Текстот му припаѓа на властелинот Ѓорѓи, познат како Мирослав, внук на двајца жупани од XIV век, Страцимир и Алтимир. Оригиналниот текст гласи: **ПРѢДСТАВИ (С)Є РАБЬ БЖИ. ГЄѠРГІЄ А РЄКОМЫ МИРОСЛАВЬ ИЛИИНЬ СНЬ А ВЬНОУКЬ ЖОУПАНА. А АДАТИМИРА МСЦА СЄП КЅ ДНЬ, В НДЛНО НА ІѠА БОГОСЛОВАЦ. ЄУГЛИСТА.**[3]

Во еден зачуван натпис што се наоѓа на јужната страна од сводот запишани се авторот и времето на обновата (1855 г.) на дотогаш затрупаниот манастир. Живописан е од страна на велешкиот зограф Хаџи Косте зограф и фотограф (1855 г.). Податоци за активностите поврзани со обновата на манастирот покрај тоа што се сочувани во натписот на Хаџи Косте зограф: „Сеи ώбїтель Ѿбновисѧ въ лѣто 1855 изобрази Х. Косте зуграфъ и фотограф",[4] исто така посредно дознаваме и од податоците сочувани на една уметничко дело на Ѓорѓи Зографски (1942) на која е насликан портретот на Петар Здравев а на која е сочуван натписот со следната содржина: „По божие вд'хновение Дедо Петар Здравев откопа затрупа-

[1] Ст. Симић, *Велешки манастир светог Димитрија*, Скопље 1923, 5-29; Ђ. Бошковић, *Белешке са путовања*, Старинар VII, Београд 1932, 103-105, сл. 25, 26, 27; В. Петковић, *Преглед црквових споменика кроз повест српског народа*, Београд 1950, 53, 378, сл. 130, 131;

[2] С. Коруновски, *Црковна архитектура во Македонија во XIII век, Скопје 2000 (докторска дисертација), 69;* С. Коруновски - Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, Скопје 2006, 106, сл. 79, црт. 34-36;

[3] Йордан Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, София 1908, 227.

[4] А. Николовски, Д. Ќорнаков, К. Балабанов, *Споменици на културата во СР Македонија*, Скопје 1971, 148: исто и во: Д. Корнаков, *Македонски манастири,* Скопје 2009, 206.



Сл. 1. Поглед кон јужната фасада, црква Св. Димитриј, Велес

ни манастир Св. В. М. Димитрие 1855. Почина на 1867 год. Подар. механдж. Еснаф. 1942 - написа се желание игумен Алексие". Игуменот Алексие, како благодарност за обновата на црквата Св. Димитрија од страна на Петар Здравев, нарачал на зографот Ѓ. Зографски да му направи портрет по фотографија.[5]

Дека ѕидното сликарство во наосот на црквата не бил едновремено насликан, туку најверојатно зависело од изнаоѓање на приложници сведочат неколку натписи во кои се гледа дека зографисувањето било етапно, а траело се до 1872 година. На јужниот ѕид во наосот, во првата зона до иконостасот, над сцената Соборот на архангели, запишан е приложнички текст со годината на изработка 1857. На западниот ѕид во наосот, под композицијата Успение на Пресвета Богородица забележани се приложниците и годината на изработка на фреската 1872. Во црквата, постар живопис е сочуван во камбанаријата на западната страна во две ниши поставени една врз друга. Во горната, помала ниша, насликана е допојасна претстава на Исус Христос (16/17 век ?), додека во долната, поголема ниша Богородица со Христос на престол со натпис од 1865 г., што е преслика врз постар



Сл. 2. Поглед кон североисточната фасада, Св. Димитриј, Велес

[5] А. Николовски, Д. Ќорнаков, К. Балабанов, *Споменици на културата,* 148.



Цртеж. 1. Основа и пресек, црква Св. Димитриј, Велес
(документација: НУ Национален конзерваторски центар - Скопје)

идентичен образец судејќи според сочуваниот оригинален боен слој во десниот долен агол.

На северната фасада е сочуван живопис во двете ниши над двата влеза, еден што води во наосот а другиот во камбанаријата. Во нишата, над влезот во наосот е претставена сцената Воскресение Христово (19 век), додека во нишата над влезот во камбанаријата Богородица со Христос (19 век) врз која во долната половина е нанесен нов малтер со претставата на св. Димитрие, (пресликана во почеток на 20 век).

При конзерваторските работи изведени во периодот од 2018 до 2022 година од страна на стручниот тим од НУ Националниот конзерваторски центар - Скопје, во припратата која е надвишена со камбанарија, на западниот и јужниот ѕид под варовиот малтер откриен е оригинален живопис од времето на изградбата на црквата Св. Димитрија во Велес од крајот на 13 век.[6] Автентичниот живопис е откриен во три зони, на северниот и западниот ѕид при што е откриен портрет на ктиторот на храмот, циклусот посветен на св. Димитриј, сцени од Страшниот суд и делумно една композиција на Крштевањето Христово. (Сл. 3.) Во оваа прилика ќе се задржиме на обзданувањето на ктиторската композиција, додека за другите ново откриени содржини на храмот (архитектурата, ѕидно сликарство) сè во тек публикување на посебни тематски трудови.

Во првата зона на западниот ѕид, јужно од влезот во наосот, откриен е ктиторскиот портрет проследен со натпис испишан со грчки алфабет во шест реда, оштетен целосно во долниот дел, до под колената. Над сводниот влез во наосот, како дел од ктиторската композиција, насликана е допојасна претстава на патронот на храмот св. Димитриј, насликан со млад лик и кратка кафеана коса, како со десната рака го благословува ктиторот. Облечен е во дворјанска облека со горен кремав блузон со кратки ракави, под која се припиени ракави на долната црвена кошула.

Ктиторот е насликан во цел раст, фронтално поставен, како го принесува моделот на храмот кој го држи со левата рака, во насока на патронот на храмот св. Димитриј кој го благословува за неговото дело.[7] (Сл. 4, цртеж 2) Ктиторот е об-

[6] Конзерваторските работи ги реализира стручна екипа од НУ Националниот конзерваторски центар – Скопје во состав: раководител на конзерваторските истражувања м-р Дарко Николовски конзерватор советник и раководител на изведбени работи м-р Владо Муковски конзерватор советник, со членови на тимот – м-р Зарије Амдиу виш конзерватор и Момчило Трајковски конзерватор советник.

[7] Под влијание на влијанијата на стилот на Палоло-



Сл. 3. Поглед кон западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес



Сл. 4. Ктиторка композиција, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес



Цртеж. 2. Ктиторка композиција, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес
(Цртеж: Јехона Спахиу Јанчевска)

лечен во темноцрвена горна облека, свита кавад со кратки ракави, опашан на половината со појас. Кавадот, блузонот, е декориран со косо накрсно поставени флорални ленти кои формираат баклавести оквири во кои се поставени златни мотиви на двоглави орли со раширени крилја.[8] Долж сите

зите, се развил тип на ктиторски портрет со црква во рацете, фронтално поставен во торждестен став, како со обете раце го покажува своето ктиторство/црквата на својот светител заштитник. Овој тип е различен од претходниот период, типичен за српското монументално сликарство, каде што ктиторот црквата во рацете ја принесувал на Христос како симболична инвеститура на владетелот, в.: С. Радојчић, *Портрети српских владара у средњем веку*, Београд 1997, 78. Ч. Маринковић, *Ктитор са црквом као ликовна представа ктиторског права.*

[8] B. Popović*, Imperial Usage of Zoomorphic Motifs on Textiles The two-headed Eagle and the Lion in Circles and Between Crosses in the Late Byzantine Period*, IKON, 2-2009; Б. Поповић, *Српска средњевековна владарска и властеоска одећа*, Београд 2021; Т. Вулета, *Лесновски кавади Јована Оливера*, Патримониум.МК 13, Скопје 2015, 171-198; Преку ородувањето со византиската царска фамилија и добивањето на највисоките византијски титули, инсигнијата двоглавиот орел, од Византија се пренел во земјите на Балканот, а во 13 век било обележје тесно поврзано со византиските дворски титули. Подоцна царството Србија, ова неприкосновено право на византискиот цар, го превзема како пракса и ова инсигнија на двоглавиот орел се јавува на облеките кај ктиторските портрети на српските задужбинари, в.: М. Одак-Михаиловић, *Двоглави орао Црнојевића*, Зетски господари Црнојевићи и везири Бушатлије (XIV вијек – 1830. г), Цетиње 2019, 202-203. Примери каде двоглави орли се сликани на одеждите на приложниците се Јован Драгушин во црквата Свети Ѓорѓи во Полошко (1343–1346) (И. М. Ђорђевић, *Зидно сликар ство српске властеле у доба Немањића*, Београд 1994, 119.) деспот Јован Оливер и деспотица Марија Ливерина во припратата на Лесновао (1349) (С. Габелић, *Нови податак о севастократорској титули Јована Оливера*



Сл. 5. Портрет на ктиторот Котаница, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес

ивици и околувратникот поставена е златна оптока/пораб со флорален мотив. Под кавадот припиени се црвени ракави од долната облека/блузонот кои завршуваат со декоративни златни нараквици/епиманики.

Моделот на храмот, што го држи Котаница во раката, насликан со окерасти фасади и со црвена керамида на покривот, стилизирано го прикажува велешкиот храм, без фасадните детали но сепак со верен изглед на карактеристичната камбанарија подигната на западната страна. Погледот кон храмот е од неговата северна страна на која имало полукружно засведен портал и два прозорци, како што се гледа на насликаниот модел, кои после обновата на храмот во XIX век се затворени.

*у време сликања лесновског наоса*, Зограф 11 (1980) 54-62, 58; С. Габелић, *Манастир Лесново*, Београд 1998, 170-171, Т. XLI II, XLIV; и во параклисот на Свети Јован Претеча во Света Софија во Охрид (1347–1350), (С. Габелић, *Нови податак*, 58; И. М. Ђорђевић, op. cit, 124.) на пурпурната хаљина со златни двоглави орли во медаљони, и кесар Новак и кесарица Кали во Богородичината црква на островот Мали Град на Преспа (1368–1369).(И. М. Ђорђевић, op. cit, 177)



Сл. 6. Ктиторски натпис, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес

+ Ἀνυγέρθη ἐκ βάθρου καὶ ἀνυστορήθη ὁ θεῖος καὶ πάνσεπτος /

ναὸς οὗ[τος τοῦ ἁγίου] μεγαλομάρτυρος καὶ μυρο- /

βλύτου Δημητρίου διά συνδρομῆς καὶ εξόδου τοῦ παν[ευγενε]στάτου /

μεγάλου στρατωπαιδά[ρχου] κύρου Λέοντος Κωτανητζήου Ζόνη[.], /

μηνὶ Ἰουλίῳ, ίν(δικτιῶνος) ι΄, ἔτ(ους) [,ς]ωε΄. [Ό] ναὸς ἀ[ν]ε(...) δηὰ δώρησ[ι]ν τοῦ Γουρί[ου πατ-] /

ρὸς Κωτανητζίου μεγάλου στρατωπαιδάρχου [Ἀ]νν[α]τολ[ῆς].

Беше подигнат од темели и живописан овој божествен и сечесен /

храм на светиот великомаченик и миро- /

точив Димитриј со помош и со средства на сенајблагородниот /

велик стратопедарх господин Лав Котаниций Зони (?), /

во месец јули, во десеттиот индикт, во 6805 година. Храмот беше под(...) благодарение на дарот од Гуриј, тат- /

ко на Котаниций, великиот стратопедарх на Истокот. /

Сл. 7. Ктиторски натпис, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес (Натписот го расчита *Андрей Ю. Виноградов* а текстот од руски на мекедонски јазик го преведе проф. д-р *Биљана Мирчевска-Бошева*, Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Портретот на ктиторот е грижливо насликан со долга коса раздвоена на средината која е зафатена зад ушите и паѓа на рамената. Кратката ретка брада е леко подвоена на два дела. Ликот е сликан со светол окер без употреба на темни сенки. Очите се сини, карактеристично крупни и бадемести, потенцирани со тенка црвена линија на очниот капак. Веѓите се лачно изведени а носот е долг и леко закривен при крајот. Темната коса и брада, светлиот лик и јасниот и смирен поглед одаваат маж во своите најдобри средни години. (Сл. 5)

Во натписот, запишан над левото рамо од ктиторската фигура насликана на источниот ѕид во камбанаријата во црквата Св. Димитрија (Велес), се јавува името на извесниот стратопедархот Лав Котаница Зони. (Сл.6, цртеж 3) Во тешко читливиот натпис од шест реда е забележано, дека храмот посветен на великомаченикот чудотворец



Цртеж. 3. Ктиторски натпис, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес
(Цртеж: Јехона Спахиу Јанчевска)

и мироточец Димитрија, е подигнат од основа и насликан со средства на великиот стратопедархот Лав Котаница Зони во јули месец, 10 индикт, во 6805 (,ςωε = 1297) година. Храмот бил дарууван и од таткото на Котаница, великиот стратопедархот Гурие (?)...[9] (Сл.7)

Како што може да дознаеме во ктиторскиот натпис се впишани податоци кои се значајни за времето на подигањето на храмот (1297 г.) со што се потврдува хипотезата дадена претходно од Коруновски кој според атхитектонските карактеристики го датира споменикот кон крајот на XIII век.[10] Друг значаен податок кој произлегува од натписот е името на ктиторот, заслужен за подигањето и сликањето на храмот, великиот стратопедархот Лав Котаница Зони.

Името Котаница (Κοτανίτζα, Κοτανίτζης, Κοτεανίτζης) не е непознато, но останала неразјаснета докрај улогата на оваа личност во Византиско – српската историографија. Во периодот од 1280 до 1299 г., во време на подемот на Српската држава, во граничниот простор помеѓу Византија и Србија, наемникот од страна на ромеите кој од непознати причини решил да дејствува самостојно, се одметнал и најпрво војувал колку за себе толку и за српскиот крал а подоцна пребегал кај Србите каде добил и високо воено заповедничко место кај кралот Милутин со што бил запаметен како византискиот пребег Котаница.[11]

Познатиот византиски историчар Георги Пахимер[12], во своите изворни сведочења за првпат го споменува ренегатот Котаница[13], кога го забележал делувањето на „Котаница, кој се одметнал од царот“[14] Михаил VIII Палеолог, и кој веќе од

[9] Натписот го расчита *Андрей Ю. Виноградов* за што во оваа прилика му се заблагодаруваме. Текстот во целост е даден според неговото толкување.

[10] С. Коруновски, *Црковна архитектура во Македонија во XIII век, 69;* С. Коруновски - Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, 106, сл. 79, црт. 34-36;

[11] Постоечките византиски извори за фамилијата Котаниц Торник ги собрал, анализирал и изложил во својот труд Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, ЗРВИ 29-30 (1991), 183-191.

[12] Делумен превод на делото Ромејска историја (Συγγραφικαΐ ίστορίαι) придружено со содветна литература и коментари за ликот и делото на Пахимер - Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер*, Византиски извори за историју народа Југославије (ВИИНЈ) VI, Београд 1986, 1-62.

[13] Во својата "*Историја*" Пахимер го споменува името на Котаница седум пати: Georges Pachymèrès, *Relations historiques*, I, Livres I-III, èd. A. Failler, trad. V. Laurent, Paris 1984, 474. 10-15 (Pachymeres. Relations historiques, II, p. 599. 19-23); Pachymeres, I, 497. 9 – 499. 12 (Pachymeres. Relations historiques, II, 627. 14 – 629. 17); Pachymeres, II, 66. 15 – 67. 11; Pachymeres, II, p. 257. 12-16; Pachymeres, II, p. 271. 12-14; Pachymeres, II, p. 285. 1-3, 16-17; 290. 10-11; Pachymeres, II, 619. 16 – 620. 3. Љ. Максимовић, Византиски извори, ВИИНЈ, VI, 31, бел. 64; Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 183, бел. 3.

[14] Georges Pachymèrès, *Relations historiques*, I, 20.

1280 г., раководи со српските воени пробиви длабоко во Македонија сè до Сер.[15] За да го спречи понатамошното напредување на одметнатиот византиски достоинственик и српската војска, императорот во свое име го испратил својот син и совладар Константин Порфирогенит кој бил поставен на чело на бројни воени началници кои подигнале силна војска за да го решат овој сериозен проблем.[16] Кампањата, според Пахимер, завршила со успех но без воени трофеи[17], додека во автобиографијата на Михаил VIII се споменува победа над србите.[18]

Сепак, за воен успех примарно било што Константин успеал да го убеди Котаница да се предаде и да се покори на власта во Цариград, притоа гарантирајќи му ја личната безбедност.[19] Искусниот Михаило VIII не бил уверен во ветувањата на пребегот и имал свое видение за Котаница како идна опасност за царството, при што настојувал и покрај дадената заклетва, одметникот да биде ослепен.[20] Сепак, потеклото на Котаница од угледната византиска фамилија Торник, допринесла да се најде прифатливо решение за обете страни, со тоа што Котаница под оваа принуда на императорот се одлучил да го послуша советот на Константин и „доброволно“ да се замонаши во манастирот Богородица Перивлепта во Цариград.[21] По тригодишната интернација, охрабрен од воините успеси на браќата Драгутин и Милутин кои, кон крајот на 1283 и почетокот на 1284 г., успешно продирале на југ, достигајќи се до Света Гора и Христопол на егејскиот брег,[22] Котаница издејствувал да биде пренесен во манастирот Св. Јован Продором во малоазискиот град Бруса кој се наоѓал блиску до градските ѕидини,[23] од каде успешно организирал бегство и се приклучил во војската на кралот Милутин.[24] Отсега натаму Котаница сè до 1299 г. продолжил со своите погранични атаци, а за разлика од претходниот период кога ги користел српските сили за свои потреби, овојпат бил во служба на кралот Милутин како воен заповедник,[25] хипостратег, како што го нарекувал Пахимер во своите сведочења.[26]

---

Иван Ђурић (Kotanitzes. – In: Lexikon des Mittelalters, Tl.5 S. Sp. 1462, 1991) Котаница го смета за “византиски магнат”, кој се обидел да востанови самостојна власт на српско-византиската граница. Љ. Максимовић смета дека Котаница бил значајна личност во високото ромејско општество, а за осамостојувањето на локалните моќници, во кој припаѓал и Котаница, било владеење/приграбување на имоти или пак обавување на наменснички функции во пограничните подрачја. Котаница на почетокот војувал колку за себе толку и за потребите на српскиот крал, но главниот проблем на Цариград претставувал самиот Котаница, а не српската офанзивна политика во тој момент (Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 186).

[15] Котаница пред крајот на Драгутиновото владеење (1276-1282), кое не се истакнува со некои посебни успеси против Византија, успеал во своите напади да навлезе длабоко во византиската територија сè до Сер (С. Станојевић, *Краљ Драгутин*, Годишњица НЧ 45 (1936) 7.

[16] Pachymeres, I, p. 474. 10-15.

[17] Pachymeres, I, p. 497. 11-12; Pachymeres. Relations historiques, II, p. 627. 16: К. Јиречек. *Историја Срба*. Прв. Ј. Радонић, I (до 1371), Београд, 1922, 242; Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер*, 31, бел. 64; Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 186.

[18] H. Gregoire. “Imperatoris Michaelis Palaeologi De Vita sua”. – Byz., XIX-XX, 1959-60, 461.

[19] Pachymeres, I, p. 497. 12 – 499. 9; Pachymeres. Relations historiques, II, p. 627. 16 – 629. 15. Срв. и Хр. Лопарев. Цит. м.; Mavromatis. La fondation, p. 31; Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер*, 593, бел; Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 186.

[20] Pachymeres, I, 497. 14-17; Pachymeres. Relations historiques, II, p. 627. 22-24: “Τὸν δὲ κακὸν προεώρα κακὸν οὐ θεσηῷ μαντείας ἀλλὰ φυσικῇ γνώσει προορῶν τό μέλλον τὸν γὰρ τοῦ ληστεὺειν εἱς πεῖραν ἥκοντα ὁρμαῖς ἑτέρου δουλεὺοντα ἁγαπῆσαι”.

[21] Pachymeres, II, 66. 15-67. R. Janin. La Geographie ecclesiastique de l’Empire byzantin. I. Le Siege de Constantinople et le patriarcat oecumenique, 1, Les Eglises et monasteres des grandes centres byzantines. Paris, 1975, 175.

[22] Архиепископ Данило. *Животи краљева и архиепископа српских*, написао архиепископ Данило, изд. Ђ. Даничић, Загреб, 1866 (London, Variorum Reprint, 1972 со вовед од Ђ. Трифуновић), 113; К. Јиречек, *Историја Срба*, прв. Ј. Радонић, I (до 1371), Београд 1922, 245, 292; В. Н. Златарски, *Българо-сръбските политически отношения в миналото*, БИБ, III, 1930, № 2. (1283 г.); Хр. Матанов. *Югозападните български земи през XIV век*, София, 1986., с. 12; С. Ћирковић. *Сербия. Средние века*. Москва, 1962. (1283 г.);

[23] Pachymeres, I, p. 67. 1-3; Ф. Баришић, *Константин Порфирогенет Палеолог*, ЗРВИ, XXII, 1983; За идентификацијата на манастирот в. R. Janin. La Géographie ecclésiastique de l’Empire byzantin. I. Le Siège de Constantinople et le patriarcat oecuménique, 1, Les Eglises et monastères des grandes centres byzantines. Paris, 1975, p. 175.

[24] Pachymeres, II, 67. 3 – 11. Точниот датум на бегството не е точнет но се смета дека веќе кон крајот на 1283 и почетокот на 1284 г. Котаница се приклучил на војските на српскиот крал Милутин (Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 187, заб. 21).

[25] Pachymeres, II, 257. 12-61. Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер*, 34.

[26] Pachymeres, II, 271. 13.

Константно вознемирување од офанзивните атаците на Котаница,[27] во пограничните предели со Србија, го исцрпело трпението на Византија што во 1297 г. предизвикало покренување на масивна воена кампања со именување на славниот војсководител Михаил Главас Тарханиот за главен заповедник на операција за решавање на неповолниот статус во Македонија. Очекуваната воена кампања за воведување на ред во пограничните области и потиснување на српските сили, не ја постигнала својата цел, туку напротив Византија била принудена на преговори под неповолни услови за неа. Самиот Михаил Главас констатирајќи ја состојбата на терен, инсистирал на склопување на траен мир помеѓу Србија и Византија во чиј процес бил активно вклучен.[28] Неговата улога во процесот на мировните преговори е посведочена во *Историјата* на Пахимер[29] а тој бил одговорен и за предлогот да се стапи во мировни преговори со Милутин. Воедно тој бил главниот преговарач/иницијатор во кристализирањето на деталите околу постигнување на договорот во кој Милутин требало да се венча со византиската принцеза Симонида, во правец на исполнување на услови за одржлив мир помеѓу двете страни, што барало лично и скоро секојдневно комуницирање со српскиот крал од страна на Михаил Главас.[30]

Колкава била безбедностната закана на Котаница за Цариград докажува упорното инсистирање од еден од главните услови за постигнувањето мир било предавањето на Котаница. Напластениот револт кон Котаница јасно е изразен во стиховите на Манојло Фил, кој не штедел презирни зборови да го опише овој дворски одметник. Фил за Котаница пишува дека е душманска змија која безобразно шушка и се извртува, која византискиот војсководец Михаил Велики Тарханиот ја згази и ја претвори во прав.[31] Поетските зборови пишувани со силен негативен набој недвосмислено укажува дека главниот воен успех на Михаил Главас бил усмерен кон уништувањето на Котаница, кој во пограничните области бил вистинскиот владател “КРАИЩНИКЬ”[32], а потоа српскиот крал кој во тоа време имал други неодложни проблеми за решавање.[33] Со овој проблем, византијците не биле на јасно како да го решат, како што вели Пахимер (Pachymeres, II, 271), дали со дипломатија или со воен поход. Тешкотиите со кои се соочувала Византија во тоа време се споменуваат во еден хрисовул на Андроник II Палеолог, од мај 1293 г. со кои го наградил за помошта и верноста Лав Котаница.[34]

Така, после двегодишни макотрпни преговори, водени од Теодор Метохит[35] и заклучени на 27 март 1299 години двете делегации се сретнале на „ничија земја“ на реката Вардар, каде Милутин ја примил својата идна невеста принцезата Симонида, петгодишната ќерка на императорот, додека тој за возврат им ги предал на византијците својата четврта жена Ана и одметнатиот Котаница.[36] Како мираз од византиската принцезата на србите им биле признати освоените земји северно од линијата Охрид-Прилеп-Штип со што бил воспоставен траен мир сѐ до смртта на Милутин

---

[27] За овие воените активност на Котаница, во периодот од 1984-1297 г., нема конкретни историски податоци но ангажманот на војсководец од типот на Михаил Главас укажува за сериозноста на состојбата во Македонија.

[28] За животниот пат на Михаил Главас, в.: М. Марковић, *Михаило Главас Тарханиот – ктитор манастира Трескавца*, Зограф 38 (2014) 77-89, са постара литература.

[29] Cf. С. Станојевић, *Краљ Милутин*, Годишњица Николе Чупића 46 (1937) 11–12; Θεοχαρίδης Γ. Ι., «Μιχαὴλ Δούκας Γλαβᾶς Ταρχανειώτης», *Επιστημονική Επετηρίς της Φιλοσοφικής Σχολής του Πανεπιστημίου Θεσσαλονίκης*, 7, 1957, 200; Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер,* VI, 36, 96–97.

[30] Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер,* VI, 36.

[31] Н. Радошевић, *Манојло Фил*, Византиски извори за историју народа Југославије VI, 591-598, 592-594, нап. 5.

[32] Терминът “КРАИЩНИКЬ” буквално означува “пограничник”, в.: *Законик Стефана Душана, цара српског*, 1349 и 1354. На ново издао и објаснио Ст. Новаковић. Београд, 1898, 177; Т. Тарановски. *Историја српског права у Немаичкој држави*. I део. Историја државног права. Београд, 1931, 178; Г. Острогорски. *История на византийската държава*. София, 1996., 620; Г. Острогорски. *Душан и његова властела у борби са Византијом*. – В: Зборник у част шесте стогодишњице Законика цара Душана. Београд, I, 1951, 79.

[33] Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 189, заб. 35.

[34] Chil, I, № 11. = Actes de l’Athos. V. Actes de Chilandar, I-II. R. P. Louis Petit et B. Korablev. – BB, 1911, Приложение к XVII тому, 1915, Приложение к XIX тому (actes slaves).

[35] Според М. Ласкарис, *Византиске принцезе у средњевековној Србији*, Прилог историји византијско-српских односа од краја XII до средина XV века, Београд, 1926, 62; Вл. Мошин, *Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т. II., Скопје 1977, 188-189) и О. И. Нуждин. *Византийско-сербский мирный договор 1298/1299 г.*: *причины, условия, последствия*. – BB, LVII (82), 1997, 106) преговорите се водели во Штип, кој во тоа време бил во српско владение.

[36] Pachymeres, II, 257, 271; Љ. Максимовић, *Георгије Пахимер, 98.*

(1321 г.). Со склучувањето на мировниот договор помеѓу двата спротиставени табора воената кариера на византискиот пребег дефинитивно завршил, а Котаница неславно животот го завршил во затвор. Неколку години подоцна бил за последен пат спомнат кај Пахимер, во врска со друг одметнат великан Касијан, кој поради своите заверенички врски со Турците, бил затворен во истиот затвор каде што бил и Котаница.[37]

Дека Котаница[38] не бил случаен наемник докажува податокот дека тој припаѓал на влијателната византиска фамилија Торник.[39] Имено, со новите толкувања на ракописот на Пахимеровата *Историја*, каде презимето Торник на двапати се споменува во контекст со Котаница, утврдено е дека не се работи за друга личност, како што се мислело, туку за една личност Котаница кое припаѓа на фамилијата Торник.[40]

Фамилијата Котаница имала имот во околината на Трикала, Солун и Струмица.[41] За нас, во овој случај, посебно е интересен податокот од 1293 г., кога Андроник II Палеолог на својот дворјанин Лав Котаница, му подарил земја во село Брезница (покрај Струмица) со воденици и со садници ореви.[42] Со доаѓањето на Струмица под српска власт, оваа земја припаднала на Хиландар. Монахот Ласкарис Котаниц ја подарил Брезница на Манастирот Свети Пантелејмон со што е предизвикан спор со Хиландарското братство. Овој деценсики спор е конечно разрешен во 1374 г., кога Константин Ласкарис Палеолог, еден од тројцата браќа, кои како мираз од својата мајка ја наследиле земјата во Брезница, ја вратил во свое владение и потоа го подарил на манастирот Свети Пантелејмон.[43] Отука се смета дека Константин Ласкарис Палеолог и Лав Ласкарис Котаница биле во роднински врски. Оттаму Љ. Максимовић е на мислење дека и Котаница Торник бил во фамилијарна поврзаност со Ласкарите чие заедничко фамилјарно име било Котаница. Додавањето на други презимиња во Византија на членовите од иста фамилија била во склад со различните патишта на ородување.[44]

Друг податок откриен во црквата Св. Ѓорѓи во Горни Козјак крај Штип, во записот од страна на граматикот Нестор, каде се споменува деспотот Торник,[45] за кој Г. Томовић смета дека се работи за една иста личност со византискиот пребег Котаница Торник.[46]

За великиот стратопедарх кир Лав Котаница Зони, од татко Гурие великиот стратопедарх на Истокот, кое е полното име на пребегот Котаница, а кое варирало во историографијата како Κοτανίτζα, Κοτανίτζης, Κοτεανίτζης, дознаваме од ктиторскиот натпис во црквата Св. Димитрија во Велес од 1297 г. Многу е веројатно дека овој локален самодржец Лав Котаница Зони е гранка на

---

[37] Pachymeres, II, 619. 1-620; Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 188.

[38] За името (Κοτανίτζα, Κοτανίτζης, Κοτεανίτζης) и неговото потеклото има повеќе различни видувања: H. Moritz. Die Zunamen bei den byzantinischen Historikern und Chronisten. – In: Programm des Konig. Hum. Gymn. in Landshut, I, 1896-97, S. 53; II, 1897-98, S. 44. Хр. Лопарев, *Византийский поэт Мануил Фил. К истории Болгарии в XIII-XIV вв.*, СПб. : Тип. Акад. наук, 1891, 37, бел. 3; Јиречек. *Историја Срба*, I, 242, бел. 2 смета дека името има словенско потекло и произлегува од Хотѣи. П. Коледаров. *Политическа география на средновековната българска държава*. Т. II. (1186-1396). София, 1989, 81, тврди дека името е веројатно Котаница, кое произлегува од формата Κοτεανίτζης, посочена кај Мануил Фил. За Максимовић. *Котаниц Торник*, името е со потекло од малозаискоto место Котана. Павлов смета дека името е со куманско потекло и оди од Котан со наставката -ица, в.: П. Павлов. *Бележки за прабългарите на Кубер, както и за присъствието на печенежки и кумански групи в днешна Македония (VII – XIII в.)*, Архив за поселищни проучвания, III, 3-4, 1994, 17 (Котан/Котян);

[39] Фамилијата Торник имала ерменско потекло а за која се смета дека има грузиски корен. Тие се населиле во Константинопол во 10 век и сè до XIV век имале важна улога во политичките состојби на империјата: Yannis Stouraitis, "*Tornikios Family*", in: Encyclopaedia of the Hellenic World, Asia Minor (2005).

[40] A. Failler, *La tradition manuscrite de l'histoire de Georges Pachymère (livres I-VI)*, Revue des études byzantines, Institut français d'études byzantines, Paris 1979, 123-22-, p. 160.

[41] Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 184.

[42] Chil, I, № 11. Но во исто време, кога во 1293 г. Андроник II Палеолог на својот дворјанин Лав Котаница, му подарил земја во село Брезница (покрај Струмица), Котаница веќе бил проблематичниот пограничен пребег.

[43] M. Živojinović, *Le conflit entre Chilandar et Saint Pantéléèmôn au suje du village de Breznica*, Byzantinoslavica 56 (1995) 237–244; М. Живојиновић, *Струмички метох Хиландара*, ЗРВИ 45 (2008) 212; М. Живојиновић, *Драгаши и Света Гора*, ЗРВИ 43 (2006) 43; Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, ЗРВИ 29–30 (1991) 184–185; M. Bartusis, *Serbian pronoia and pronoia in Serbia: the diffusion of an institution*, ZRVI 48 (2011) 197–198.

[44] Љ. Максимовић, *Котаниц Торник*, 185.

[45] З. Расолкоска-Николовска, *Црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите истражувања*, Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски, книга I, 1969, Скопје, 219-226.

[46] Г. Томовић, *Ко је био деспот Торник из записа граматика Нестора*, ЗРВИ, XLI, 2004, 268-269.

едно поширока фамилија која го носела презимето Котаница/Торник.

Титулата великиот стратопедарх што ја носел кир Лав Котаница Зони и воедно неговиот татко Гурие претставува византиска титула од висок ранг. Во доцно византискиот период титулата megas stratopedarchēs („голем мајстор на логорот“) била воспоставена околу 1255 година од страна на императорот Теодор II Ласкарис (р. 1254–1258) за неговиот главен министер и доверлив човек, Георги Музалон.[47] Титулата великиот стратопедарх (грч. *Μέγας στρατοπεδάρχης*) се споменува во Псеудо-Кодиновата книга за службите во која се истакнува дека на носителите им припаѓало истакнато место меѓу седумте други највисоки чиновници блиски до самиот цар.[48] Во времето на палеолозите оваа титула не била секогаш врзана за некоја војна функција туку била претежно од дворска природа.[49]

Ктиторството на великиот стратопедарх Лав Котаница Зони во црквата Св. Димитрија, лоцирана во пазувите на велешка тврдина, очигледно не било случајна. Средновековниот Велес бил изграден на една природна тврдина/карпест рид „Кале“ (Градиште, Горен град) лоцирана на устието на реката Тополка во Вардар.[50] Велешката тврдина/кастрон имала стратешка позиција од која се контролирале два важни патни правци, едниот долж Вардарската долина која го поврзувала Солун со Скопје и понатаму со Србија и стариот пат Велес – Прилеп кој водел долж реката Тополка. Велешкото Кале, со материјални докази за нејзиното постоење од доцната антиката и доцно римското време, во средновековието улогата на Велес го потврдила својот значај со што е изградено ново ѕидание од околу 470 метри со што значајно се зајакнала утврдата. Средновековниот град Велес, кој се состоел од воена тврдина-акропола (0,7 ха) и цивилниот дел – варош (3,5 ха) според големината се сметал за средно развиените градови во Македонија. Податокот од 500 бранители на градот, кој царот Теодор II ги пуштил при заземање на Велес во 1255 г. укажува на капацитетот на военото гарнизон во тврдината на Калето.[51] Кон крајот на XIII и почетокот на XIV век цивилниот просперитет на оваа населба бил потврден и со изградба на неколку цркви во јужниот крај на подградието, покрај Св. Димитриј, и неколку помали црквички посветени на Св. Никола,[52] Св. Недела и Св. Јован што е јасен показател за развојот и значајот на стариот град Велес во средновековието.

Од ктиторскиот натпис дознаваме дека во 1297 г. Котаница го завршил своето дарение во црквата Св. Димитриј, кое укажува дека тој столувал во утврдениот град Велес во изминатиот период[53], што значи дека воената кампања подигната од Византија во 1298 г.,[54] предводена од Михаил Главас Тарханиот, не успеала да го потисне Котаница. Неуспешната интервенција на великиот конетабл Михаил Главас на крајот резултирала со отпочнување на преговори и завршена со дипломатско решение, склучување на траен мир, поткрепен со брак помеѓу српскиот крал Милутин и византиската принцеза Симонида во 1299 г. во кое како главен услов било предвидено предавањето на Котаница.

[47] Ruth Macrides, *George Akropolites: The History*. Oxford, United Kingdom: Oxford University Press, (2007)

[48] Verpaux, *Pseudo-Kodinos*, *Traité des Offices*, Centre National de la Recherche Scientifique, 1966, 137, 139, 153–154. О функцији стратопедарха у византијском војном систему cf. Sh. Applebaum, *Judaea in Hellenistic and Roman Times. Historical and Archeological Essays*, Leiden – New York 1989, 61–63; Guilland, *Recherches sur les institutions byzantines*, 498–521.

[49] A. Kazhdan, *Stratopedarches*, in: ODB III, 1967; M. C. Bartusis, *The Late Byzantine Army. Arms and Society, 1204–1453*, Philadelphia 1997, 272–279.

[50] И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија, Иван Микулчиќ,* Македонска цивилизација, Скопје 1996, 340-344, сл. 168-169.

[51] И. Микулчиќ, *Средновековниот град Велес, топографски приказ*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет (38), Скопје 1985, 92.

[52] П. Миљковиќ-Пепек, *Прилог проучување цркве св. Николе у Титовом Велесу*, ЗЛУМС 15, (1979), 265-274.

[53] Ласкарис сметал дека Котаница бил еден од оние одметнати феудалци, кои оформиле свое владение на византиско-србската граница, а воедно го поистоветувал со Лав Котаница на кој Андроник II во мај 1983 г. за неговите услуги и верност му подарил имот блиску Струмица, в.: М. Ласкарис, *Византиске принцезе у средњевековној Србији*, Прилог историји византијско-српских односа од краја XII до средина XV века, 61, заб. 4.

[54] „Останатите, а особено оние што минатата година [1298] и порано [околу 1280 година] и 1283?] се побуниле против царот, знаете кој [Котаница?], кој додаде нови зла во неговата [Милутин] борба против царските земји, се беззаконски, зли и злонамерни и секогаш противници и непријатели на доброто.“ (Th. Metochites. Πρεσβευτικός. – In: L. Mavromatis. La fondation de l’Empire serbe. Le kralj Milutin. Thessalonika, 1978, p. 98. 333-337); По се изгледа дека година 1298 била преломна во врска со пограничните упади/активностите на Котаница кои повторно предизвикале контрадејствие од византиската страна, в.: Т. Томов, *Регионът на Струма, Историко-географиски проучвания (края на 12 – края на 14 век)*, София 2003, 165-166.

Освен вестите за неговите константни погранични вознемирувања и судири со византиските сили, сè до неговото затворање во 1299 г. во зандана, за местото на неговото столување и други јавни активноста на Котаница, нема многу податоци. Отаму откривањето на неговиот ктиторски ангажман во црквата Св. Димитриј во Велес поставува ново светло за неговиот јавен живот. Како што е запишано во ктиторскиот натпис, во 1297 г., „ *Беше подигнат од темели и живописан овој божествен и сечесен храм на светиот великомаченик и мироточив Димитриј со помош и со средства на сенајблагородниот велик стратопедарх господин Лав Котанициј Зони*". Според текстот, Котаница се јавува како ктитор на храмот подигнат благодарение на неговата *„помош и со средства"*.[55] Иако тука е запишано дека храмот е *„подигнат од темели и живописан"* тоа тврдење не е секогаш точно, како што е случај во прилепските средновековни храмови.[56] Не редок случај бил ктитор да изгради храм на благословено место, кое претходно било одбележано од некој друг, со поставување на крст, како јасен знак дека тука е погодно да се изгради Божји храм.[57] Во нашиот случај, ктиторот Котаница, покрај тоа што неговата улога е истаканата во пропратниот натпис, дополнително истото е потврдено и со приложувањето на храмот во неговите раце. Сепак, забележани се примери, каде ктиторите се претставени без храмот во рацете[58] или пак каде храмот во рацете го држат помеѓу себе личностите кои истовремено биле учесници во основањето на храмот, како и оние кои започнале со подигањето на храмот, а други ја завршиле или пак ја осликале црквата.[59]

---

[55] Ктитор е оној кој се јавува како основач на некоја црковна институција. Во редот на ритуалните ктиторски права, покрај правото на помен во богослужбата, право на гроб во црквата, право на угледно место во храмот и во текот на црковните поворки, почесно право било сликањето ктиторски портрет во ѕидното сликарство со што истакнувала побожноста и статусот на дарителот, в.: Марковић В., *Ктитори, њихове дужности и права*, Прилози за КЈИФ V, Београд 1925, 10-103; С. Троицки, *Ктиторско право у Византији и немањићкој Србији*, Глас СКА CLXVIII, Београд 1935, 79-135. Во доцновизантискиот период со терминот ктитор се означувa оној кој платил за подигањето на храмот. Во XIV век, на Света Гора, називот ктитор можела да биде доделена, не само на основачите на манастирот, туку и на неговите истакнати добротвори, в.: C. Pavlikianov, *The Medieval Aristocracy in Mount Athos* (Sofia 2001), 192. Преглед на ктиторскиот портрет во Македонија, в.: З. Расолкоска-Николовска, *Ктиторски портрет во ѕидното сликарство во Македонија*, Цивилизации на почвата на Македонија, кн.2, МАНУ, Скопје 1995, 209-226.

[56] Пример на заедничко/ последователно приложништво, каде покрај главниот основач, независно земаат учество неколку донатори, во ралични фази на споменикот. Тоа може да го проследиме во ктиторскиот натпис од црквата Св. Димитрија во Варош (насликана пред 1284) каде инидакацијата „ктитор" се однесува на една фаза од декорацијата на црквата (*Молба раба Божијег Димитриј Мисинополит и ктитор на црквата*), а во која има сочувани приложнички натпис и на други приложници (*Молба раба Божијег Андроник и Ирина*) кој сведочат за различни етапи од развојот на храмот, в.: Г. Суботић, Б. Миљковић, И. Шпадијер, И. Тот, *Натписи историски садржине у зидном сликарству*, Том I (XII-XIII vek), Београд 2015, 70-75, 102-103, заб. 4.

[57] П. Ивић, М. Грковић, *Дечанске хрисовуље*, Нови Сад 1976, 304; Б. Тодић, М. Чанак-Медић, *Манастир Дечани*, Београд 2005, 17; Ђ. Бубало, *Почетак треће дечанске хрисовуље*, Стари српски архив 6 (2007) 75–76, 80–81.

[58] Некои од тие примери се претставите на ктиторите Деспот Јован Оливер во припратата на Леснова, кесар Новак во пештерниот храм на острвот Мал град на Преспи, војводата Михаил во црквата Света Петка у Вици, ктиторите на Светиот Мамант у Лувар и Богородичината црква у Какопетрија на Кипар, молдавскиот војвода Петар Рареш во католиконот на манастирот Дионисиј, cf. A. Stylianou, J. Stylianou, *Donors and dedicatory inscriptions, supplicants and supplications in the painted churches of Cyprus*, JOBG 9 (1960) 110–111, 120–121, fig. 14; В. Ј. Ђурић, *Мали Град – Св. Атанасије у Костуру – Борје*, Зограф 6 (1975) 31–35, сл. 4, 5; A. Stylianou, J. A. Stylianou, *The painted churches of Cyprus*. Treasures of Byzantine art, London 1985, 76, 246–247, fig. 31, 140; И. М. Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле у доба Немањића*, Београд 1994, 177, црно-бела сл. 84; Габелић, *Манастир Лесново*, 34, Т. XLIV; Μ. Αχειμάστου-Ποταμιάνου, *Η κτιτορική παράσταση της μονής της Αγίας Παρασκευής στο Μονοδένδρι της Ηπείρου* (1414), ΔΧΑΕ 24 (2003) 231–241, εικ. 1, 5; Ε. Ν. Τσιγαρίδας, *Καστοριά. Κέντρο ζωγραφικής την εποχή των Παλαιολόγων (1360–1450)*, Θεσσαλονίκη 2013, 492, 498 (εικ. 417); Ν. Διονυσόπουλος, *Γυναικείες παρουσίες στο Άγιον Όρος: τα οικογενειακά πορτρέτα της Έλενας Ράρες και της Ρωξάνδρας Λαπουσνεάνου, πριγκιπισσών της Μολδαβίας, στις Μονές Διονύσιου και Δοχειαρίου (16ος αι.)*, in: ΠΕΡΙΒΟΛΟΣ. Зборник у част Мирјане Живојиновић, II, eds. Б. Миљковић, Д. Џелебџић, Београд 2015, 469–474, εικ. 2.

[59] Стефан Дечански и Душан у Дечанима (Д. Војводић, *Портрети владара, црквених достојанственика и племића у наосу и припрати*, in: Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије, ed. В. Ј. Ђурић, Београд 1995, 265–275; Тодић, Чанак-Медић, *Манастир Дечани*, 439, сл. 358.); кнезот Паскач и севастократорот Влатко во Псача (З. Расолкоска-Николовска, *О историјским портретима у Псачи и времену њиховог настанка*, Зограф 24 (1995) 43–49, сл. 5–7; Ђорђевић,





Сл.7. Црквата во рацете на ктиторот Котаница, западниот ѕид во нартексот, црква Св. Димитриј, Велес (Цртеж: Јехона Спахиу Јанчевска)

Во нашиот пример, оваа дилема има и фактичка поткрепа. Имено, треба да се зема во обзир еден факт кој се однесува на фазите во изградбата на храмот. При превземените конзерваторски истражувања, со кои се отстрани пресликата од XIX век од ѕидното сликарство, покрај автентичниот постар живопис од крајот на XIII век, беше откриена и оригиналната фасадна декорација и заѕиданиот прозорец на западниот ѕид од нартексот што јасно укажува дека се работи за фаза кога храмот суштествувал во една основна/сожета варијанта, која го вклучувала единствено наосот и олтар, полуцилиндрично засводени. Тоа отвора прашање дали Котаница е основач на манастирот или обновител/доградител и воедно кое е времето на изградбата на храмот, кое претходело на втората фаза кога била додаден нартексот со камбанарија, како што е всушност претставен храмот кој го држи ктиторот во својата рака.

Од денешна перспектива може да се заклучи дека црквата во рацете на ктиторот Котаница претставува во голема мера верна репродукција на веќе изградената градба.[60] (Сл.7.) Ова во најголема мера го потврдува истакнувањето на карактеристичната камбанарија над припратата доградена на западната страна од храмот. Во споредба со денешната состојба на црквата, на северната страна се насликани два полукружни прозори и портал кои денес не постојат. Според преданијата, црквата настрадала за време на турските освојувања на градот Велес, кога од спротивната страна на реката Вардар, било пукано со топови кон утврдено Кале што довело до одрон на ридот Голик и целосно затрупување на црквата. Оваа легенда е демантирана со изнесување на нови сознанија базирани на турските архиви, кои според кажувањата на новинарот Љупчо Донев, ги добил од

*Зидно сликарство српске властеле*, 172–175, црт. 36, сл. у боји 21.); војводата Радул и кнезот Богоје во Лапушње (Б. Кнежевић, *Ктитори Лапушње*, ЗЛУМС 7 (1971) 38–39, 47–48, сл. 5, 6; eadem, *Манастир Лапушња*, Саопштења 18 (1986) 89–90, 110–112, сл. 4, 23; B. Cvetković, *The portraits in Lapušnja and iconography of joint ktetorship*, Ниш и Византија 11 (2013) 305–307, fig. 1, 10.)

[60] За терминолошкиот проблемот на неадекватната употребата на терминот „*ктиторски модел*" кој води кон погрешен заклучок дека архитектонскиот модел служел како предлошка за сликаната архитектура, туку напротив сликаната архитектура во рацете на ктиторот настанал врз основа на изведената градба, в.: Ч. Маринковић, *Ктиторски модел – слика макете или цркве?*, О неким терминолошким питањима у вези са претставом архитектуре на ктиторским портретима, Зборник радова Филозофског факултета XXXVI/2006, 119-131; За прашањето околу реалното архитектонско престставување на црквата во рацете на ктиторот, в.: Ч. Маринковић, *Слика подигнуте цркве*. Београд, 2007. Истата, *Ктитор са црквом као ликовна представа ктиторског права*.

историчарот на уметноста Аја Туркај од Р. Турција, која се потрудила истите да ги пронајде и преведе.[61] Според запишаните информации, на крајот од април, во 1405 година се случил силен земјотрес, кој всушност бил причината источниот ѕид од тврдината на Калето да се урне и појава на свлечиште во кое настрадала црквата Св. Димитрија. Доказ дека црквата настрадала во одреден период, можеби токму на овој настан, е северниот ѕид кој бил пробиен во централниот дел кога бил затрупан храмот а обновен во XIX век со употреба на кршен камен, што се разликува од оригиналниот опус на ѕидање. Иако е тешко да се поверува дека ова оштетување на храмот довело до целосно уништување на ѕидната декорација во наосот, треба да се напомене дека во прелиминарните конзерваторски истражувања превземени во наосот на црквата, со изведба на сонди за откривање на боен слој под пресликата од XIX, век не дадоа задоволителни резултати.

За првата и втората фаза на изградбата на црквата Св. Димитриј во Велес може да се претпостави дека се случила во еден релативно краток период, од една до две децении, што се поклопува со периодот од 1280 до 1299 г., кога Котаница бил присутен со своите дејствиа во овој пограничен регион на Македонија. Овој заклучок не води од причина што доградувањето на двете фази било направено со голема внимателност и умешност да не се наруши надворешното единство на полихромната фасада што довело до илузија дека се работи за една единствена фаза на изградба на црквата. Воедно Котаница, предвидувајќи ја својата судбина, која не му била наклонета во тековните преговори помеѓу византијците и српскиот крал Милутин, неговото ктиторство можеби бил последниот очајнички чекор на одметнатиот пребег да побара небеска помош од неговиот патрон, светиот воин Димитриј, на кој му посветил сцени од неговиот циклус во третата зона во нартехот на храмот.

Аке се сложиме со претпоставката дека Котаница е сепак ктитор на двете фази од манастирската црква Св. Димитриј тогаш логично е да помислиме дека сепак неговиот ангажман е поврзан со подолг престој во тврдината на градот Велес каде веројатно тој вршел должност на воен заповедник во кастелот на Калето во Велес. Претпоставките дека Котаница, од пределите на Кичево, продирал на север во Пелагонија,[62] со новите податоци запишани во неговиот ктиторски натпис, би можеле да претпоставиме дека тврдината/кастелот во стариот град Велес, за кој веќе рековме дека држел стратешко место по долината на реката Вардар и Тополка, било всушност неговиот утврден воен логор, каде столувал, заповедал и вршел упади на византиската територија на југ.

[61] Љупчо Донев, *Нови сознанија за стар Велес од турски архиви*, (www.duma.mk, објавено на 24.10.2020 во 17:58). Нема информации од кој дефтер се земени информациите за овој настан. По освојувањето на Велес во 1395 година, од страна на османлиите, веќе после неколу децении владење биле ревносно запишани даноците и таксите од самиот град Копрулу/ Велес во османлискиот дефтер од 1422/1423 година (Evgeni Radushev, Uğur Altuğ, 1422-1423 Tarihli Köprülü, Kastoriya ve Koluna Vilâyetleri Mufassal Defteri. Istanbul, 2016;).

[62] Г. Суботић, Б. Миљковић, И. Шпадијер, И. Тот, *Натписи историски садржине у зидном сликарству*, 73, заб. 15.

Darko NIKOLOVSKI, Svetlana MALTSEVA

# WHO WAS THE KHTETOR OF THE CHURCH ST. DEMETRIUS IN VELES

*Resume*

During the conservation activities carried out between 2018 and 2022 by a team of experts from the Scientific Institution - National Conservation Center in Skopje, a significant discovery was made beneath the lime mortar of the west and south walls inside the exonarthex, which is surmounted by a bell tower. This discovery unveiled an original fresco decoration, dating from the late 13th century, contemporaneous with the construction of the Church of St. Demetrius in Veles. The preserved frescoes were found in three distinct zones across the north and west walls. Among the scenes uncovered were a portrait of the church's donor (khtetor), a cycle dedicated to St. Demetrius, depictions of the Last Judgment, and partially preserved elements of a composition illustrating the Epiphany (Baptism of Christ).

The inscription, depicted above the left shoulder of the khtetorial figure on the east wall of the bell tower in the Church of St. Demetrius (Veles), references the name of the stratopedarches Leo Kotanitzes Zoni. The partially preserved inscription, consisting of six lines, states that the temple, dedicated to the hieromartyr, miracle worker, and myrrh-bearer St. Demetrius, was both constructed and decorated under the patronage of the high stratopedarches Leo Kotanitzes Zoni in the month of July, during the 10th indiction, in the year 6805 (,ςωε =1297). The inscription further indicates that the church was also bestowed by Kotanitzes' father, the high stratopedarches Gourius (?)…

The aforementioned findings provide valuable information regarding the date of the temple's construction (1297), thereby corroborating the hypothesis previously proposed by Korunovski, who assigned this monument to the late 13th century based on its architectural characteristics. Another significant piece of information derived from the inscription is the identification of the khtetor merited for both the construction and the fresco decoration of the temple, namely the high stratopedarches Leon Kotanitzes Zoni.

Although the name Kotanitzes is not unfamiliar, the precise role of this individual within Byzantine-Serbian historiography remains insufficiently understood. Between 1270 and 1299, during the rise of the Serbian state, the border region between the Byzantine Empire and Serbia was under the command of a Byzantine mercenary. This figure, whose motivations remain unclear, abruptly chose to act independently, initially engaging in actions driven by personal interests. Over time, he shifted allegiances, initially fighting on behalf of the Serbian king, before ultimately aligning with the Serbs. In this capacity, he was recognized with a high military command at the court of King Milutin, where he became known as the Byzantine defector Kotanitzes.

During the conservation activities aimed at removing the second fresco layer from the 19th-century wall paintings, significant discoveries were made, including the authentic fresco decoration from the late 13th century, as well as the original facade decoration and a walled window on the west wall of the narthex. These findings indicate that the church, at this stage of its construction, existed in a more basic or condensed form, comprising only the naos and the altar, both of which were semi-cylindrically vaulted. This raises the question of whether Kotanitzes was the founder of the monastery or a restorer of an earlier structure. If the latter, the inquiry becomes when the edifice was originally constructed, prior to its subsequent expansion, which involved the addition of the narthex surmounted by a bell tower, as depicted in the model held by the khtetor.

The first and second building phases of the Church of St. Demetrius in Veles were likely completed within a relatively short span of time, perhaps a decade or two, corresponding with the period between 1280 and 1299, when Kotanitzes was active in this part of Macedonia. This conclusion is supported by the fact that the architectural extensions of both phases were executed with remarkable skill, ensuring the exterior unity of the polychromatic facade. As a result, the successive phases create the illusion of a

single, cohesive construction period. At the same time, the defector Kotanitzes, anticipating an unfavorable outcome in the ongoing negotiations between the Byzantine Empire and the Serbian King Milutin, may have made a final, desperate plea for salvation. Seeking divine intervention through his patron saint, the holy warrior Demetrius, Kotanitzes likely employed *the mechanism* of the khtetorial commission. By dedicating the fresco cycle of St. Demetrius in the third zone of the narthex, he sought heavenly assistance in his moment of crisis.

If we accept the hypothesis that Kotanitzes was indeed the khtetor of the two building phases of the monastic Church of St. Demetrius, it is logical to infer that his military activities necessitated a prolonged stay in the fortress of the town of Veles, where he likely served as the military commander of the castle located at the site Kale in Veles. The hypothesis proposing that Kotanitzes advanced into the northern parts of Pelagonia from the region of Kičevo, supported by new data from his khtetorial inscription, suggests that the fortress or castle in the old town of Veles — strategically situated between the Vardar and Topolka rivers — may have served not only as his fortified military base but also as his command center. From this vantage point, Kotanitzes would have directed military operations, extending his reach into Byzantine territory to the south. His command presumably continued until 1299, when he was surrendered by the Serbs, and imprisoned by the Byzantine authorities following the peace treaty between the Serbian King Milutin and Byzantium.